ДО
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ

# БАРАЊЕ
## За утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење

Име и презиме/Назив ________________________________________________
Адреса ________________________________________________
Телефон ________________________________________________
Вид на бесправен објект ________________________________________________

Адреса или број на катастарска парцела со назив на катастарската општина на која се наоѓа бесправниот објект ________________________________________
________________________________________________________________________

Кон барањето за утврдување на правен статус приложувам:

1. Уверение за државјанство или копија од лична карта за домашно физичко лице, односно копија од патна исправа за странско физичко лице, а за домашно и странско правно лице, извод од Централниот регистар на Република Македонија, односно од соодветната институција во државата во која странското правно лице има седиште;

2. Доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.) со датум пред 3 Март 2011 година а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци, изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект;

4. Договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот;
   (Овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице); или
   Уверение за движење на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност од барателот, во која истиот потврдува која година е изграден бесправниот објект; (Овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а сопственикот односно сосопственикот на земјиштето нема дадено изјава дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот

објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, или нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со барателот)

5. Договор за купопродажба на земјиштето и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека барателот или лицето чиј наследник е барателот го имаат купено земјиштето од поранешниот сопственик и истото го користат повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот;
(Овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба, на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучување на договорот)
6. Уверение за идентификација на катастарската парцела издадено од Агенцијата за катастар на недвижности;
(Овој доказ се доставува само доколку постои неусогласеност на броевите на катастарските парцели кои се наведени во договорот за купопродажба со поранешен сопственик кој се доставува согласно точка 5 на ова барање, со броевите на катастарските парцели наведени во имотниот лист за земјиштето);
7. Известување од нотарот повереник на оставинскиот суд дека се води оставинска постапка за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект;
(Овој доказ се доставува само доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден на земјиште со нерасчистени имотни односи поради тоа што не е спроведена оставинска постапка);
8. Список на станари, договори за купопродажба на становите во зградата, како и уверение за државјанство или копија од лична карта од сите иматели на стан во зградата, доколку барањето се однесува за станбена зграда за колективно домување
(во овој случај потребно е барањето да е поднесено од заедницата на станари или да е потпишано од повеќе од половината иматели на стан во зградата, а доколку барањето се однесува за бесправен дел (доградба,надградба) на станбена зграда подносител на барањето е само имателот на делот кој е бесправно изграден,
9. Изјава заверена на нотар, дадена под материјална и кривична одговорност, со која барателот потврдува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект на негова одговорност и нема да бара надомест на штета од надлежен орган при настанување на евентуална штета поради елементарна непогода како и дека ќе ја надомести секоја штета врз животната средина настаната од влијанието на предметниот објект;
(Овој доказ се доставува само доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, како и бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера.
10. Основен проект –фаза статика;
(Овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект се наоѓа во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука од страна на Советот на општината)

Барател

_______________ 
(датум)
Скопје

_________________
(потпис/печат)

---

Уплата за барање - 300 денари на жиро-сметка на Општина Карпош
Трезорска сметка – 1 000 000 000 630 95 , Депонент – Народна банка на РМ,
Уплатна сметка – 840 179 031 82, Приходно конто – 722 315, Програма - 00